4-476-545-**11**(1) (MK)

SONY

# Дигитален фотоапарат

## Упатство за употреба

Cyber-shot

MEMORY STICK TM

CLASS 4

DSC-H300

## Дознавање повеќе за фотоапаратот („Упатство за корисникот за Cyber-shot“)

„Упатство за корисникот за Cyber-shot“ е прирачник на интернет. Погледнете во него за детални упатства за многуте функции на фото апаратот.

① Пристапете до страницата за поддршка на Sony.
http://www.sony.net/SonyInfo/Support/

② Изберете ја земјата или регионот.

③ Побарајте го името на моделот на фото апаратот во рамките на содржината за поддршка.

- Проверете го името на моделот на дното на фото апаратот.

# Проверка на испорачаните делови

Бројот во загради го означува количеството на парчиња.

- Фотоапарат (1)
- Алкални батерии LR6 (големина AA) (4)
- Назначен USB-кабел (1) (Sony Corporation 1-837-783-)
- Лента за на рамо (1)
- Капаче за објектив (1)/Лента за капачето за објектив (1)
- Упатство за употреба (ова упатство) (1)

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**За да се намали опасноста од пожар или електричен удар, не изложувајте ја единицата на дожд или на влага.**

## ВНИМАНИЕ

Заменете ја батеријата само со одредениот тип. Во спротивно, може да настане пожар или повреда.

# За потрошувачите во Европа

## Известување за потрошувачите во земјите што ги применуваат директивите на ЕУ

Производител: Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan
За усогласеноста на производот со стандардите на ЕУ: Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany

## Известување

Ако статичкиот електрицитет или електромагнетизам предизвикуваат прекин на преносот на податоци, рестартирајте ја апликацијата или исклучете и повторно поврзете го кабелот за комуникација (USB итн.).

Производот е тестиран и е во согласност со ограничувањата зададени од регулативата EMC за користење кабли за поврзување пократки од 3 метри (9,8 стапки).

Електромагнетните полиња на одредени фреквенции може да влијаат на сликата и звукот од единицата.

## Фрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската Унија и во други европски земји со посебни собирни системи)



Овој симбол на производот или на неговата амбалажа покажува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа треба биде предаден на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на производот ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјали ќе помогне за заштита на природните богатства. За подетални информации за рециклирањето на овој производ, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашиот сервис за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ.

## Отстранување на потрошени батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)



Овој симбол на батеријата или на амбалажата покажува дека со батеријата којашто е дадена со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад.

Кај определени батерии овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.
Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај на производи кои од безбедносни причини, поради изведба или интегритет на податоци имаат потреба од трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификуван персонал.
За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема.
За сите други батерии, погледнете го делот за тоа како безбедно да се отстрани батеријата од производот. Батеријата предадете ја на применливото збирно место за рециклирање на отпадни батерии.
За подетални информации за рециклирањето на овој производ или батеријата, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашиот сервис за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ.

# Вметнување батерии/мемориска картичка (се продава одделно)




Осигурете се дека отсечениот агол е свртен правилно.

1 Отворете го капакот.

2 Вметнете ја мемориската картичка (се продава одделно).

## 3 Спојте ги +/– и вметнете ги батериите.

### Батерии што може и не може да се користат со фотоапаратот

Во табелата подолу, ✓ покажува дека батеријата може да се користи, додека — покажува дека не може да се користи.

| Тип на батерија | Испорачано | Поддржано |
|---|---|---|
| Алкални батерии LR6 (големина AA) | ✓ | ✓ |
| HR15/51: Никел-металхидридни батерии HR6 (големина AA) | — | ✓ |
| Литиумски батерии* | — | — |
| Мангански батерии* | — | — |
| Батерии Ni-Cd* | — | — |

* Работата на уредот не може да се гарантира ако се намали напонот или ако настанат други проблеми во врска со батеријата.

- Никел-металхидридните батерии може да се полнат со полнач на батерии (се продава одделно).
- Перформансите на батеријата се разликуваат зависно од производителот и типот батерија што се користи. Исто така, перформансите на батериите може да се намалат драстично при ниски температури. Особено, при температури пониски од 5°C (41°F), при вклучување на фотоапаратот или при промена од режимот на репродукција во режимот на снимање, тој може да се исклучи ненадејно.
  За повеќе детали за батериите, погледнете во „Батерии“ во „Упатство за корисникот за Cyber-shot“.
- Имајте предвид дека не можеме да гарантираме целосни перформанси на фотоапаратот кога се користат батерии што не се означени како „поддржани“ во табелата погоре.

## Траење на батеријата и број на слики што може да ги снимите/гледате

| | Траење на батеријата | Број на слики |
|---|---|---|
| Снимање (слики) | Приближно 175 мин | Приближно 350 слики |
| Снимање (филмови) | Приближно 85 мин | — |
| Продолжено снимање (филмови) | Приближно 150 мин | — |
| Гледање (слики) | Приближно 400 мин | Приближно 8000 слики |

- Бројот се заснова на стандардот CIPA.
  (CIPA: Camera & Imaging Products Association)

## За да ја отстраните мемориската картичка

За да ја исфрлите мемориската картичка, турнете ја еднаш навнатре.

# Поставување на часовникот




1 Притиснете го копчето ON/OFF (напојување).

2 Изберете го саканиот јазик.

3 Следејќи ги напатствијата на екранот изберете ја саканата географска локација, а потоа притиснете ● на контролното копче.

4 Поставете [Date & Time Format], [Summer Time] и [Date & Time], а потоа изберете [OK].

5 Следете ги упатствата на екранот.

# Снимање слики/филмови




Тркало за избирање на режимот

: Intelligent Auto

: Sweep Panorama

: Movie Mode




W: одзумирање

T: зумирање

**Снимање слики**

1 За да фокусирате, притиснете го копчето за бленда до половина надолу.

2 За да ја снимите сликата, притиснете го копчето за бленда целосно надолу.

**Снимање филмови**

1 За да започнете со снимање, притиснете го копчето MOVIE (Филм).

2 Притиснете го повторно копчето MOVIE за да го запрете снимањето.

# Разгледување слики




1 Притиснете го копчето ▶ (Репродукција).

### Избирање на следна/претходна слика

Изберете слика со притискање на ► (следно)/◄ (претходно) на контролното копче. Притиснете на ● во центарот на контролното копче за да гледате филмови.

### Бришење слика

① Притиснете го копчето 🗑 (Бришење).
② Изберете [This Image] со ▲ на контролното копче, а потоа притиснете ●.

## Карактеристики на „PlayMemories Home“

Софтверот „PlayMemories Home“ ви овозможува да увезувате слики и филмови на компјутерот и да ги користите.



Увезување слики од фотоапаратот



**Организирање**



Гледање слики на Календар*

**Споделување слики**

Вчитување слики на мрежни услуги*

Споделување слики на „PlayMemories Online“



* Постои разлика помеѓу Windows и Mac.

**Преземање на „PlayMemories Home“**

Може да го преземете „PlayMemories Home“ од следната URL-адреса:
**www.sony.net/pm/**

- За софтверски апликации што го поддржуваат Mac, преземете од следната URL-адреса:
  http://www.sony.co.jp/imsoft/Mac/

## Препорачана компјутерска средина

При користење на софтверот „PlayMemories Home“ се препорачува следната компјутерска средина.

### Windows

| | |
|---|---|
| Оперативен систем (претходно инсталиран) | Windows Vista* SP2/Windows 7 SP1/Windows 8 |
| Процесор | Intel Pentium III 800 MHz или побрз |
| Меморија | Windows Vista/Windows 7/Windows 8:<br>1 GB или поголема |
| Тврд диск (потребен простор на дискот за инсталацијата) | приближно 600 MB |
| Приказ | 1024×768 точки или повеќе |

* Starter (Edition) не е поддржано.

### Mac

| | |
|---|---|
| Оперативен систем (претходно инсталиран) | Mac OS X вер. 10.6 до вер. 10.8 |

# Забелешки за користење на фотоапаратот

## За користењето и грижата

Избегнувајте грубо користење, расклопување, менување, физички шок или удар, како удирање, испуштање или стапнување на производот. Особено внимавајте на објективот.

## Забелешки за репродукцијата/снимањето

- Пред да започнете со снимање, направете пробна снимка за да бидете сигурни дека фотоапаратот функционира правилно.
- Фотоапаратот не е отпорен на прав, на прскање или на вода.
- Избегнувајте да го изложувате фотоапаратот на вода. Доколку навлезе вода во фотоапаратот, може да се појави дефект. Во одредени случаи тој не може да се поправи.
- Не насочувајте го фотоапаратот кон сонцето или кон друга блескава светлина. Тоа може да предизвика дефект на фотоапаратот.
- Доколку се појави кондензирање на влага, отстранете ја пред да го користите фотоапаратот.
- Не тресете и не удирајте ја камерата. Тоа може да предизвика дефект и нема да можете да снимате слики. Освен тоа, медиумите за снимање може да станат неупотребливи или, пак, да се оштетат податоците за слики.

### Предупредување за авторските права

Телевизиските програми, филмовите, видеолентите и другите материјали се подложни на авторски права. Неовластеното снимање на такви материјали може да се коси со одредбите на законите за авторски права.

### Не следува надоместок за оштетена содржина или неуспешно снимање

Sony не може да надоместува за неуспех при снимање, загуба или оштетување на снимена содржина поради дефект на фотоапаратот или на медиумот за снимање итн.

# Спецификации

## Фотоапарат

### [Систем]

Диспозитив на слика: 7,76 mm (тип 1/2.3) CCD, примарен филтер за боја
Вкупно пиксели: приближно 20,4 мегапиксели
Ефективни пиксели: приближно 20,1 мегапиксели
Објектив: 35× објектив за зумирање
f = 4,5 mm – 157,5 mm (25 mm – 875 mm (еднакво на филм од 35 mm))
F3,0 (W) – F5,9 (T)
При снимање филмови (16:9): 30,3 mm – 1060 mm
При снимање филмови (4:3): 27,8 mm – 973 mm
SteadyShot: оптички
Сериско снимање (при снимање со најголем број пиксели):
приближно 0,80 слики/секунда (до 100 слики)
Формат на датотеката:
Фотографии: согласни со JPEG (основа DCF, Exif, MPF), компатибилни со DPOF
Филмови: MPEG-4 AVC/H.264

Медиуми за снимање: внатрешна меморија (приближно 55 MB), „Memory Stick Duo“ media, „Memory Stick Micro“ медиуми, SD-картички, microSD мемориски картички

Блиц: Опсег на блицот (чувствителност ISO (препорачан индекс на експозиција) поставена на Auto):
Приближно 4,0 m до 6,8 m (1,3 ft. до 22,3 ft.) (W)
Приближно 1,5 m до 3,6 m (4,9 ft. до 11,8 ft.) (T)

### [Приклучоци за влез и излез]

Приклучок USB / A/V OUT:
Излез за видео
Излез за аудио
USB-комуникација

USB-комуникација: Hi-Speed USB (USB 2.0)

### [Екран]

LCD екран: 7,5 cm (тип 3.0) диск TFT

Вкупен број на точки: 460.800 точки

**[Напојување, општо]**

Напојување: Алкални батерии LR6 (големина AA) (4), 6 V
HR15/51: Никел-металхидридни батерии HR6 (големина AA) (4) (се продава одделно), 4,8 V
Потрошувачка на енергија (за време на снимање): приближно 1,6 W
Работна температура: 0°C до 40°C (32°F до 104°F)
Температура на складирање: од –20°C до +60°C (–4°F до +140°F)
Димензии (согласни со CIPA):
127,5 mm × 89,0 mm × 91,7 mm (5 1/8 инчи × 3 5/8 инчи × 3 5/8 инчи) (Ш/В/Д)
Маса (согласно со CIPA) (вклучувајќи четири батерии и „Memory Stick Duo“ media):
приближно 590 g (1 lb 4,8 oz)
Микрофон: моно-аудио
Звучник: моно-аудио
Exif Print: компатибилно
PRINT Image Matching III: компатибилно

Дизајнот и спецификациите се подложни на промена без известување.

**Заштитени марки**

- Следните ознаки се заштитни марки на Sony Corporation.
  Cyber-shot, „Cyber-shot“, „Memory Stick Duo“, „Memory Stick Micro“, „PlayMemories Home“, „PlayMemories Online“ и „PlayMemories Online“ логото.
- Windows е регистрирана заштитена марка на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или другите земји.
- Mac и Mac OS се регистрирани заштитени знаци на Apple Inc.
- Логото SDXC е заштитена марка на SD-3C, LLC.
- Facebook и логото „f“ се регистрирани заштитени трговски знаци на Facebook, Inc.
- YouTube и логото YouTube се заштитени марки или регистрирани трговски марки на Google Inc.
- Освен тоа, имињата на системите и производите во прирачникот се, општо земено, заштитени марки или регистрирани заштитени марки на нивните создавачи или производителите. Меѓутоа, ознаките ™ или ® не се користат во сите случаи во прирачников.

Дополнителни информации за производот и одговори на често поставуваните прашања може да се најдат на веб-локацијата за корисничка поддршка.

http://www.sony.net/

© 2013 Sony Corporation

4476545110